FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Отворено писмо до:
Претседателот на Република Македонија
д-р Ѓорге Иванов

Скопје, 22 јуни 2012 година

**БАРАЊЕ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РМ ДА НЕ ГО ПОТПИШЕ УКАЗОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСВОЕНИОТ ЗАКОН ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНА ФУНКЦИЈА, ПРИСТАП НА ДОКУМЕНТИ И ОБЈАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ**

Почитуван Претседател Ѓорге Иванов,

Ви пишуваме за да ја изразиме нашата загриженост во врска со сериозните слабости на усвоениот **Закон за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност** (во понатамошниот текст: Законот за лустрација). Вчерадонесениот Закон за лустрација, кој ќе ви биде доставен на потпишување, ги крши не само слободите и правата на граѓаните на Македонија загарантирани со Уставот, туку и претставува грубо кршење на уставниот поредок, преку непочитувањето на Одлуките на Уставниот суд на Република Македонија.

**Бараме од Вас, во рамките на Вашите уставни надлежности, да не го потпишете указот за прогласување на усвоениот Закон за лустрација.** Во своето образложение до Собранието на Република Македонија се надеваме дека ќе се повикате на Резолуцијата 1096 на Советот на Европа и ќе сторите сè што е во ваша моќ да обезбедите владеење на правото и ќе спречите со овој закон наместо да се справиме со минатото, да се создадат услови за понатамошно кршење на човековите права во актуелниот општествено-политички систем.

Очекуваме дека Вие како долгогодишен професор на Правниот факултет ќе се заложите за зачувување на уставно правниот поредок на Република Македонија, кој со усвоениот Закон за лустрација се руши бидејќи повторно се пропишуваат одредби со кои не се почитуваат

одлуките[1] на Уставниот суд од април 2010 и април 2012 година. Проширувањето на опфатот на Законот за лустрација по 17 ноември 1991 година, лустрирањето на лица кои се поранешни функционери, задолжителното лустрирање на членовите на политичките партии, верските заедници, новинарите и невладините организации беа одредби за кои Уставниот суд утврди дека се неуставни и истите ги укина. Повторното регулирање на овие одредби во спротивност со одлуките на Уставниот суд претставува грубо кршење на уставниот поредок и непочитување на извршните одлуки на судот, што, впрочем, претставува кривично дело.

Кон ова писмо Ви ги доставуваме и заклучоците од јавната расправа на граѓанскиот сектор во кои се дадени детални забелешки на недостатоците на Законот за лустрација.

Со почит,

Фондација отворено општество - Македонија
Владимир Милчин, извршен директор

[1] У.бр. 42/2008 и У.бр. 77/2008 и У.бр. 52/2011 и У.бр. 76/2011